

Црвениот крст на Република Македонија со сите свои расположливи капацитети, во соработка со државните институции дава придонес во обезбедување на потребната поддршка за семејствата на настраданите, велат од Црвен крст.

Организацијата ги стави во функција сите механизми за хуманитарна помош за повредените и семејствата на настраданите со нудење на прва психолошка поддршка, прва помош и материјална поддршка. Црвениот крст достави и помош во болницата во Кочани со ќебиња, постелнина и инвалидски колички. Возилата на Црвениот крст од програмата за санитетски транспорт се ставени во функција на институциите на системот.

**Отворени се наменски телефонски линии за прва психолошка помош на броевите 071/338-081 во Кочани, 074/203-030 во Штип и 072/271-048 во Скопје кои ќе бидат во функција 24/7.**

Црвениот крст на РМ веќе е контактиран од страна на Меѓународниот комитет на Црвен крст и партнерски национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина и

понудена е помош.

Ве повикуваме сите заедно да ја покажеме нашата хуманост и солидарност за обезбедување помош за настраданите семејства.

Ве повикуваме да делуваме заедно преку :

**Сметка на Фондот на солидарноста на Црвениот крст на РСМ:**

**300000001327966, даночен број: 4030984271620 АД Комерцијална банка со назнака: помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.**

**Донации со повик на телефонските броеви на Македонски телеком и А1 Македонија143 400 (донација од 100 денари од телефонски повик).**

**За донации на средства во странска валута:**

**NAME OF THE ORGANIZATION: MACEDONIAN RED CROSS**

**BANK NAME: KOMERCIJALNA BANKA AD SKOPJE**

**BANK ADDRESS: UL. ORCE NIKOLOV NO.3, 1000 SKOPJE, MACEDONIA**

**BANK ACCOUNT: 300000000000133 25730522-11**

**SWIFT CODE: KOBSMK2X**

**IBAN CODE: MK07300701000001228**